# ЗАПИСНИК
## од 6. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2025 година (петок)

Шесттата седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 26 декември 2025 година (петок), со почеток во 09.40 часот, во просториите на Општина Карпош.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 27 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Христо Саракинов, Адријана Јакимовска Панчевска, Благица Цветаноска, Давор Грче, Неделчо Крстевски, Елена Домика, Димитар Георгиевски, Филип Ивановски, Ана Цветановска, Александар Петровски, Владимир Бислимовски, Вера Бужаровска, Радослав Трашановски, Милена Ристевска Илиоска, Славко Митевски, Дарко Ристовски, Катерина Илиева, Ивана Стоименовска, Зоран Краљевски, Добрила Андоновска, Горан Михајлов, Филип Филиповски, Татјана Чакулев, Татјана Стојановска, Љупчо Трипуноски и Јасмин Циривири.

На 6. седница на Советот присуствуваа раководители на сектори од Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 6. седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред за работа на 6. седница на советот на Општина Карпош.

Збор зема членот на советот Дарко Ристовски укажа дека советничката група на Левица точка 26 сметаат дека е непотребна за оваа седница и не треба да се дискутира на оваа тема и сметаат дека треба да се повлече од дневниот ред.

Точка 26. Заклучоци од Советот на Општина Карпош против дезинформациите за мигрантски кампови и политичките манипулации.

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска посочи дека нема да ја поддржи оваа точка од причина што актот на резолуција кој што е донесен во собрание е тој што треба да биде, а не овој акт што треба ние како Совет да го донесеме. Посочи дека има еден термин во насловот опозиција бара тие што поднеле да дефинираат на која опозиција мислат овде има повеќе опозициони групи тие настапуваат одделно и зошто такви заклучоци кога веќе се донесени на ниво на Македонија. Нема ништо против згрижување на бегалци.

Збор зема членот на советот Катерина Илиева во врска со точка 26 тоа е директен препис на излевање на собраниската резолуција на мигрантите на локално ниво и тоа е спорно тоа истиот речник истата логика да се прогласи дека нема ништо и дека секој што ќе праша да се етикетира дека шири дезинформации. Денес оваа точка е против дезинформации утре може да биде дезинформации против загадување, корупција итн. Преседантот што го создавате денес утре може за сите да важи. Резолуцијата што се носеше во Собранието ја третира опозицијата, а не ја ограничува власта оваа точка не е борба против дезинформации ова е обид за замолчување и Левица нема да учествува.

Збор зема членот на Советот Владимир Бислимовски укажа зошто точка 26 не треба да се предложи на дневниот ред. Посочи дека 30 години работи на оваа проблематика реченицата е крајно не точна не се говори за мигранти треба во насловот да стои азиланти (бегалци, азиланти и мигранти се три различни категории) во насловот треба да биде азилант. Има дефинирано закон и правилник и што се повлекува азилот во Македонија и какви обврски ние како држава имаме во однос на сите конвенции кои што ги имаме потпишано. Променете си ја формулацијата на реченицата на точката.

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска побара да се повлече записникот од 3. та (свечена) седница со цел да се корегира.

Збор зема членот на советот Татјана Стојановска се согласува во врска со записниците како и за записникот од 4 та. седница да се повлече со цел да се корегира.

Претседателот назначи пауза од 5 мин.

По паузата се продолжи со работа

Збор зема Претседателот на Советот посочи дека секоја точка и иницијатива која се доставува до него тој е должен да ја разгледа и согласно прописите да одлучи дали е уредно пристигната. Според член 153 одлуките од своја надлежност Советот ги донесува по предлог на Градоначалникот и член на Советот но со оглед на тоа дека дневниот ред е обемен Иницијативата е согласно закон и деловник одлучи точка 26 да се повлече од дневниот ред.

Претседателот на Совет ги повлече записникот од 3 та. (свечена) седница и 4 та. седница.

Претседателот на Советот помина на гласање на изменетиот дневниот ред за 6. седница.

**Дневен ред**

- Усвојување записник од 5. (вонредна) седница

1. **Предлог – Решение за именување на претседател и членови на Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот за 2026 година**
2. **Предлог-Одлука за утврдување надоместок на членовите на Општинска изборна комисија – Карпош и избирачките одбори на подрачјето на Општина Карпош за извршената работа во подготовката и спроведувањето на Локалните избори 2025 година**
3. **Предлог-Одлука за формирање на Штаб за заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Општина Карпош**
4. **Предлог-Програма за урбанистичко планирање за 2026 година**
5. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година**
6. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетската ефикасност за 2026 година;**
7. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2026 година;**
8. **Предлог-Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година;**

9. Предлог-Програма за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година;
10. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2026 година;
11. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2026 година;
12. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2026 година;
13. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година;
14. Предлог-Програма за активностите во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2026 година;
15. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2026 година;
16. Предлог – Програма за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2026 година
17. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година;
18. Предлог-Програма за одбележување на 50-годишнината од формирањето на Општина Карпош;
19. Предлог – Програма за активностите на Општина Карпош во областа на односите со јавноста и информации на граѓаните за 2026 година
20. Предлог-Програма за уривање на објекти кои се бесправно изградени на територија на Општина Карпош и асистенција за 2026 година
21. Предлог-Буџет на Општина Карпош за 2026 година;
22. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година;
23. Предлог-Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2026 година
24. Предлог-Одлука за вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2026 година;
25. Предлог-Буџетски календар за 2026 година,
26. Предлог – Одлука за давање согласност за закуп на магацински простор во сопственост на ДПТУ „Лапласт-М“ ДООЕЛ, за 2026 година ?
27. Предлог-Одлука за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „Букурешка“ бр. 2, локал 2, Општина Карпош-Скопје, за 2026 година?

28. **Предлог-Одлука за организирање на продолжен престој во IV (четврто) одделение во општинските основни училишта во Општина Карпош за 2026 година**
29. **Предлог-Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година**
30. **Предлог – Одлука за прифакање на донација од КАМ ДОО**

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 27 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен изменетиот дневен ред на 6. седница на Советот на Општина Карпош.**

Пред да помине на разгледување на точките Претседателот на Советот предложи да се разгледа и гласа записникот кој што е предложен на дневниот ред.

Претседателот отвори расправа по записникот од 5. (вонредна) седница .

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 5. та (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 27 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен записникот од 5. (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош.**

Преседателот отвори расправа по точките од дневниот ред.

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Вера Бужаровска во својство на претседател на Комисијата за прописи да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Вера Бужаровска во својство на претседател на Комисијата за прописи која посочи дека била одржана на 24.12.2025 година, извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите

**ТОЧКА 1 – Предлог – Решение за именување на претседател и членови на Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот за 2026 година**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош да го извести Советот за ставот на комисијата по точката која се разгледувала.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош која посочи дека била одржана на 24.12.2025 година, извести за точката која се разгледувала и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање ја стави предложената точка.

**По спроведеното гласање со 27 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоено** Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот за 2026 година

**ТОЧКА 2 - Предлог-Одлука за утврдување надоместок на членовите на Општинска изборна комисија – Карпош и избирачките одбори на подрачјето на Општина Карпош за извршената работа во подготовката и спроведувањето на Локалните избори 2025 година**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за финансии и локален економски развој да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои се разгледувале.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за финансии и локален економски развој која посочи дека била одржана на 25.12.2025 година, извести интегрално по сите

точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска со забелешка кон општинските служби да внимаваат кога се доставуваат материјалите за седница. Во материјалите во точка 2. сите членови на избирачките одбори се со нивни ЕМБГ и трансакциони сметки.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека,** е усвоена Одлуката за утврдување надоместок на членовите на Општинска изборна комисија – Карпош и избирачките одбори на подрачјето на Општина Карпош за извршената работа во подготовката и спроведувањето на Локалните избори 2025 година

**ТОЧКА 3. Предлог-Одлука за формирање на Штаб за заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Општина Карпош**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Општина Карпош**

**ТОЧКА 4. Предлог-Програма за урбанистичко планирање за 2026 година**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Владимир Бислимовски во својство на претседател на Комисијата за урбанистичко планирање да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Владимир Бислимовски во својство на претседател на Комисијата за урбанистичко планирање која посочи дека била одржана на 25.12.2025 година, извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на советот Татјана Стојановска со предлог:

- Изработка на анализа за Јавното претпријатие, каде едно одделение би било за управување со паркинзи и пајак служба, едно одделение за изработка на урбанистички планови, едно одделение за комунални дејности (одржување зеленило, чистење, собирање на органски отпад/компостирање, собирање на пластика, транспорт до депонија на гардежен шут, контењери за кабаст отпад и сл.). Колку вработени да има колку би чинело самоодржливост,комуналниот дел за компостирање, локација каде потребни возила за собирање на органски отпад и сл. Изготвување на физибилити студија за управување и третман на биолошки отпад ( компостирање). Мапирање на паркинг места врз основа на тоа да се направи физибилити студија за формирање на претпријатија.

Ваква анализа е неопходна пред да се започне постапката за формирање на ЈП

-Се бара да се направи изработка на анализа за Јавното претпријатие, каде едно одделение би било за управување со паркинзи и пајак служба, друго одделение за изработка на урбанистички планови, едно одделение за комунални дејности (одржување зеленило, чистење)

Стојановска постави прашање зошто Дупот З 05 е ставен со црвени букви во програмата имало една јавна анкета и презентација, а тоа е завршено во август 2017 год. смета дека таа е нелигитимна промена и како таков не треба да стои во програмата. Побара пристап до Е урбанизам.

Од службите одговорија дека станува збор за план од 2017 год бидејќи се работело за измена на блок 8 од З 05 градска четврт кога падна З 05 таа постапка престанала но новата измена се работи на план од 2013 год. Паднати од З 05 блоковите 1, 5 и 8 кој што беше усвоен во 2015 год, а паднат во 2018 год измената на блокот 8 се работи на ДУП З 05 која ја опфаќа цела градска четврт и

блоковите за кој е направен регулацискиот план изработен од страна на Град Скопје кој е од повисоко ниво.

Збор зема членот на Советот Добрила Андоновска со предлог за оваа програма:

- Во планот за работа во програмата за урбанизам предлог да се изработи проект за катна гаража во Карпош 2.

Збор зема членот на Советот Славко Митевски побара ревизија на сите дупови и укажа дека нема да ја поддржат оваа програма се додека не се направи ревизија.

Збор зема членот на Советот Татјана Чакулев побара дообјаснување согласно кој закон и член е можно измена на ДУП да се прави на одреден блок врз основа на регулациски план?

Чакулев со уште едно прашање ако дупот 3 05 блок 1, 5 и 8 се укинати во 2018 год. и се прави измена на блок 8 кој е укинат во 2015 год. според кој закон и член можна измена на ДУП кога е неважечки?

Збор зема член на советот Горан Михајлов со предлог за програмата

- Студија за правење градби и

-Пилот мапирање на паркинг места.

Збор зема членот на советот Вера Бужаровска да појасни од правен аспект што значи укинување, а што поништување ако нешто се укинува тоа постоело, а ако нешто се поништува како никогаш да не постоело таков акт или план.

Збор зема членот на советот Татјана Стојановска бара да се исклучи измената на овој ДУП од програмата.

Од службите одговорија според член 13 од законот за просторно и урбанистичкпо планирање. Урбанистички план кој се донесува на плански опфат што е во рамки на ГУП чии граници се утврдени со ГУП и кои слушат за разработување и спроведување. 3 05 од 2013 год. не е предмет на укинување и врз основа на тоа се прави изработка на блокот 8. Овој план има одобрено само планска програмата тој ќе биде на Совет и како нацрт и како предлог на Совет во моментот е планска програмата разработката е врз основа на ДУП од 2018 год. и така е дефиниран блокот.

Пристап до Е урбанизам преку министерството.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, 7 гласа ПРОТИВ нема и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоена Програмата за урбанистичко планирање за 2026 година**

**ТОЧКА 5. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска со прашање во оваа програма не биле предвидени нови парцели за продажба дали ќе можат да се продаваат тие парцели од претходната програма од 2025 год. и дали тие остануваат на сила?

Од службите Лазе Здравев со одговор во програмата за 2026 год не се предвидувале нови парцели за продажба на парцели на јавно надавање од причина што во моментот не располагаат со парцели кои би биле приоритет за продавање и понатамошно менаџирање за нејзин развој во градот. За претходната година парцелите кои што беа предвидени за 2025 год. тоа е едногодишна програма таа важи за текот на 2025 год. доколку не се остварат во таа година тие не се продаваат.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ТОЧКА 6. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетската ефикасност за 2026 година;**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Добрила Андоновска во својство на претседател на Комисијата за екологија и енергетска ефикасност да го извести Советот за ставот на комисијата по точката која се разгледувала.

Зема збор членот на Советот Добрила Андоновска во својство на претседател на Комисијата за екологија и енергетска ефикасност на Советот на Општина Карпош која посочи дека била одржана на 24.12.2025 година, извести за точката која се разгледувала и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Добрила Андоновска со предлозите за програмата ЕЕЕ:

-Потребно е ново Детско игралиште на просторот на постоечкото во минатото детско игралиште УЗ Кузман Јосифовски Питу, на улица "Стрезова" во непосредна близина на објектот на градинката Бубамарче и месната заедница КЈП .

-Набавка на нова техничка опрема и механизација за одржување на јавната хигиена (пили, дувалки за лисја, трактори за косење, косилки, машини за чистење на поплочени јавни површини/плоштади итн.)

Од службите одговорија дека машините постојат и ќе бидат пуштени во употреба.

-Хортикултурно уредување на жандињерите на плоштадот Млечен и нов систем за наводнување.

-Јавен повик за одржување на урбана опрема (реновирање на урбана опрема кај Млечен) како и плоштадот кај Педагошка.

Збор зема членот на советот Славко Митевски со забелешка во делот за урбана опрема планирани финтес зони со средства од 1.000.000 денари иста таква има

и во програмата за еднакви можности меѓу мажите и жените со финансиски средства од 200.000 денари тоа се поклопува. Како и за надзор на опремата од 300.000 денари.

Од службите Петар Теов одговори во врска со фитнес зони тие ќе изгледаат како направените од агенција за млади и спорт, а во врска со програмата за еднакви можности меѓу жените и мажите тоа се друг тип на фитнес зони. Овие фитнес зони чинат околу 450.000 денари или 500.000 денари со ДДВ. Посочи дека секогаш се ставаат повеќе средства од предвидените. Стручниот надзор не можат тие тоа да го вршат.

За збор се јави членот на Советот Татјана Стојановска со предлози во програмата:

- Филтри на оџаци за индивидуални домакинска кои се греат на дрва. (прифатено барање)

-Анализа на основање на ЈП

-Две решенија за ЈП за урбанизам и комунални дејности и управување на паркинзи и пајак служба

-Мониторинг со камери каде незаконски се фрла отпад (прифатено барање)

-Субвенција на граѓани на Општина Карпош за стерилизација и кастрација на домашни и улични кучиња и мачки во регистрираа ветеринарска установа која се наоѓа на територија на Општина Карпош, за стерилизација и кастрација на нивни домашни миленици како превенција за размножување, намалување на гресивноста и во случај да станат улични и да се размножуваат.

-Јавни тоалети- (ставени во програмата)

-Користење на инструмент за мерење на загаденост на воздух и какви резултати има со мерењето. (инсистираат што побрзо користење на инструментот и какви се резултатите)

-Да се изгради игралиште во Злокуќани кај Вардар и да се постават камери.

Збор зема членот на Советот Горан Михајлов во однос на лајка дали ќе партиципираме во договор што го има Град Скопје со останатите општини.со

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Програма за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетската ефикасност за 2026 година;**

ТОЧКА 7. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2026 година;**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска за предлог во програмата за развој:

-Во програмата за возачките финансиската рамка е 5.000.000 денари имале предлог да се зголеми сумата за ова ставка за 3.000.000 денари. Возачките дозволи се зголемени за 10.000 денари, а нивниот предлог бил да биде 8.000 ден. Од службите потврдиле дека сите што ќе бидат доставени како барања независно колку ќе чини ќе бидат одобрени барањата.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска со предлози:

- Барање субвенционирање на купување на велосипеди за граѓаните на Општина Карпош да се тргне од програмата, зошто не спаѓа во областа на развојот на општината, не го подигнува локалниот економски развој на територија на Општина Карпош и не може да е дел од оваа програма.Оваа активност да се префрли во Програмата за ЕЕЕ.

-Предлогот за возачките се повлекува амандманот

- Формирање на ресурсен центар

-Изработка на стратешки план 2027-2032 год., за да се одредат развојните цели и насоки за општината, но воедно е и услов за аплицирање за ЕУ и ИПА фондови. Да ги изработи општинската администрација.

-Формирање конститутивни тела од различни области од истакнати членови на заедницата, со цел да се зголемат развојните активности.

-Акцеларатор за млади претприемачи стимулирање на младите претприемачи во областа на ИТ индустријата, да ги реализираат своите идеи и да формираат свои компании, со што ќе придонесат кон развојот на општината и поставување на општината ккао ИТ hub во градот и државата.

-Барање да се прошири субвенционирањето на велосипеди и на други категории во оваа област и предност да имаат ранливите категории кои не можат да си овозможат овие трошоци.

Збор зема членот на Советот Славко Митевски сметат дека во делот за возачките тие не се за во развој во таа програма треба други дејности да се приоритет.

-Ресурсните центри со буџет од 2.200.000 денари целна група се невладини организации сметаат дека целна група треба да се младите на Општина Карпош и тие како советничка група нема да ја поддржат оваа програма.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, 4 гласа ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2026 година**

**ТОЧКА 8. Предлог-Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година;**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Димитар Георгиевски во својство на претседател на Комисијата за комунални работи и сообраќај да го извести Советот за ставот на комисијата по точката која се разгледувала.

Зема збор членот на Советот Димитар Георгиевски во својство на претседател на Комисијата за комунални работи и сообраќај на Советот на Општина Карпош кој посочи дека била одржана на 24.12.2025 година, извести за точката која се разгледувала

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Добрила Андоновска со предлози за оваа програма:

-На цела територија на општината, сите пешачки премини – рампи, општински објекти, училишта и градинки, јавни површини и пристапни патеки до влезовите на сите станбени објекти за колективно домување.

-Изработка на проект и целосна реконструкција на паркинг во УЗ "Владо Тасевски", со вклучена реконструкција и на атмосферската канализација.

-Изработка на проект и реконструкција на собирна улица од Булевар "Митрополит Теодосиј Гологанов", во целина со дел од улицата "Анкарска", која продолжува до раскрсница од улица " Борка Талевски".

Во иднина во програмата за субвенциониирање на лифтови да се размисли на таа тема во едно основно училиште да се постави лифт за децата со попречености.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска со предлог за програмата:

Од службите за време на комисијата за комунални дејности им било кажано дека Градоначалникот ги назначува приоритетите.

-Бараат приоритетно да се изработат проекти за водоснабдување и вклучување канализациона мрежа на дел од Горно Нерези и обнова на прочистителна станица и инфраструктурен проект за улицата зад зградите позади архивот.

-Да се започне процесот експропријација на катастарската парцела 3006/15 и 3007 Домче да се започне со таа процедура која е битна за граѓаните на Карпош

-Анализа на паркинг места

-Геолошки истражувања за бунари

-Столбчиња на критични места ( училишта и градинки)

-Лежачки полицајци (притисок до мвр да се инсистира да се направат)

Збор зема Градоначалникот дека сите одлуки и припоритети заедно ќе ги носат со советот во служба на граѓаните.

Збор зема членот на Советот Катерина Илиева во оваа програма има реконструкција на улица “Бранислав Нушиќ” со 10.000 денари таа улица во 2019 год е реконструирана.

Збор зема членот на советот Вера Бужаровска во програмата да стои изготвување на проект за пресметка за реновирање на плоштадот во Порта Влае.

Збор зема Зорица Китанова проект има за плоштадот Порта Влае мал дел е рекоструиран и посочо дека тоа е прескап проект.

Во врска со кажаното за приоритети програмата ќе се спроведува со градоначалникот како и барањата на граѓаните и на предлозите од членовите на советот.

-Во врска со улица “Бранислав Нушиќ” од владата се добиени средства каде што се излезени на терен и увидено е дека е потребна реконструкција.

-Од службите посочија дека кај улица “Московска” нема донесено план за да се направи паркинг.

Збор зема членот на советот Горан Михајлов со проблем од граѓани на улица “Вич 4” подигната шахта и нема одвод и позади Тинексот огромна дупка да се санира шахта со цел да им се помогне на граѓаните.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година;**

**ТОЧКА 9 Предлог-Програма за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година;**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со ЗА 25 гласа, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, не е усвоена Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година;**

**ТОЧКА 10. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2026 година;**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Горан Михајлов во својство на претседател на Комисијата за култура за го извести Советот за ставот на комисијата по точката која се разгледувала.

Зема збор членот на Советот Горан Михајлов во својство на претседател на Комисијата за култура на Советот на Општина Карпош која посочи дека била одржана на 24.12.2025 година, извести за точката која се разгледувала и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Славко Митевски со прашање зошто советниците во овој состав се исклучени од комисиите и целата работа ќе ја врши администрацијата?

Збор зема Градоначалникот за да не се дојде до судир на интереси бидејќи советниците ја гласаат Програмата, но смета дека иако не се членови на комисиите тие може да присуствуваат но не можат да одлучуваат по истата.

Збор зема членот на советот Катерина Илиева со забелешки кон оваа програма со 3 суштински спорни аномалии

- Во врска за комисиите со истиот став зошто членовите на советот се исклучени од комисиите?

-Во делот за формулација на познати културни работници од Македонија и пошироко ќе учествуваат. Пошироко тоа не е неутрална во пракса ангажирање на балкански ѕвезди кои плаќаат високи хонорари и трошат голем дел од вкупниот буџет, а притоа не придонесуваат за развојот на локалната културната

сцена. Сметаат дека скапите изведувачи македонските уметници ги ставаат во втор план или ќе настапуваат за минимални надоместоци.

-Во одредбата дека организатор на манифестацијата може да биде правно лице. Правно лице по дефиниција е приватен субјект со сопствен деловен интерес. Во оваа формулација општината остава можност со јавни пари да се финансира настан кој фактички служи како маркетинг реклама за приватен бизнис. Една фирма или бренд може да биде избран како организатор да добие 2.000.000 денари јавни средства. Настанот да се користи за промоција на приватниот бренд.Тоа не е култура туку субвенционирана реклама.

Збор зема членот на советот Татјана Стојановска со предлог за програмата култура:

-Во врска со комисијата која за досегашна пракса била во вакви комисии да членуваат и членови на Советот кои го носат мнозинството на гласови. Побара да се добие мислење од ДКСК за комисиите

-Помош на ракотворците- уметниците на Општина Карпош да се овозможи два пати во годината, зима и пролет ракотворците - уметниците на Општина Карпош да имаат базар од неколку дена во Сити Мaлл каде што нема да плаќаат за тезгите предвидена финансиска рамка 100.000 денари. Од службите посочија веќе тоа било предвидено во програмата за еднакви можности меѓу мажите и жените.

-Субвенции за ранливи категории, пензионери, децата од СОС детско село за карти на културни настани.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 глас ЗА, ПРОТИВ нема и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоена Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2026 година;**

**ТОЧКА 11. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2026 година;**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Предраг Станковски во својство на претседател на Комисијата за спорт за го извести Советот за ставот на комисијата по точката која се разгледувала.

Зема збор членот на Советот Предраг Станковски во својство на претседател на Комисијата за спорт на Советот на Општина Карпош која посочи дека била одржана на 25.12.2025 година, извести за точката која се разгледувала и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

Претседателот овори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Добрила Андоновска со предлог за програмата за спорт:

-Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во 8 и 9 одделение.

Прва категорија 9.000.000денари и

Втора категорија 7.000.000 денари

Од службите одговорија дека таа сума е на државно ниво како стипендија. Согласност од септември да се зголеми сумата. 1000 ден.

Збор зема членот на Советот Славко Митевски со забелешка правни лица ќе изработуваат проекти предвидени 1.000.000 денари смета дека администрацијата може тоа да го сработи.

-Финансирање на спортски клубови тоа се приватни фирми тие работат комерцијално со предлог да се укине тој дел, а дел од парите да се префрлат на клубовите за помагање на младинските категории.

Збор зема од службите Патрик Поповски предвидените се 1.000.000 ден. Тие не се наменети за правни приватни лица тоа ќе биде јавен повик за правни и физички лица да понудат за тие да го сработат проектот.

-Спортски клубови се приватни но и тие носат големи успеси и ја промовираат нашата Општина.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2026 година;**

Претседателот назначи пауза од 10 мин

По паузата се продолжи со работа

**ТОЧКА 12. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2026 година;**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Елена Домика во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности да го извести Советот за ставот на комисијата по точката која се разгледувала.

Зема збор членот на Советот Елена Домика во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности на Советот на Општина Карпош која посочи дека била одржана на 24.12.2025 година, извести за точката која се разгледувала и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска со предлог за програмата:

-Да се прошири услугата на Црвен Крст итно копче кај лица над 65 годишна возраст во Карпош кои живеат сами, но и други изнемоштени лица кои живеат сами. (прифатено во програмата)

-Обезбедување на хигиенски пакети, средства за лична хигиена наменети за децата во јавните детски градинки, зошто ова е проблем со кој се осочуваат родителите. (прифатено)

-Отварање на дневен центар за стари лица на Црвен крст на територија на Општина Карпош. (аплицирано за таа намена)

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

-Отварање на современи пензионерски клубови во неколку урбани заедници.

- Формирање на ресурсен центар проети

-Да се креира општински регистар на лица со хендикеп, попреченост или посебни потреби и електронски регистар (РСС феед) Е досие поврзано со МСПДМ, МОН, МЗ,МТ. Ова е на барање на лицата со хендикеп/ попреченост и ваков регистар е потребен за да може овие лида да добијат соодветна помош.

-Барање да се измени минимум за новородено дете од 60.000 денари на 80.000 денари.

Збор зема членот на Советот Ивана Петковска со прашање зошто претходната година во делот за новороденчиња сумата изнесувала 600.000 ден., а сега е намалена на 300.000 денари?

-Од службите одговорија дека од претходната година многу средства биле неискористени и од таа причина е намалена сумата.

Збор зема членот на Советот Добрила Андоновска со предлог за програмата:

-Парична помош за лица/ семејства во социјален ризик и лекување од причина што голем број на граѓани на Општина Карпош имаат потреба од ваков вид на еднокртана парична помош, а праксата во минатата година покажа дека за оваа ставка се потребни 8.000.000 – 9.000.000 денари, кои се обезбедуваат со ребаланс во тек на буџетската година.

-Барање да се зголеми сумата за новороденчиња.

-Хуманитарни акции кои што традиционално се реализираат за денови на Општина и за Велигден во ред е да се прошири и за празникот Курбан Бајрам.

-Хуманитарни акции кога се подготвуваат пакетите да учествуваат и општествено одговорни компании со цел да се збогатат пакетите.

-Барање да се зголеми сумата за одбележување на 3- ти декември денот на лицата со попреченост.

Збор зема членот на советот Горан Михајлов со став дека социјалниот момент треба да има клучна улога во субвенционирање треба да се одреди на кој категории треба да се помогне финансиски.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2026 година;**

**ТОЧКА 13. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година;**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Добрила Андоновска со предлог за програмата за образование:

-Опремување со прочистувачи на воздухот на сите основни училишта (сите училници во основните училишта) во Општина Карпош.

-Неопходна е пренамена на средствата предвидени со предлог програмата за набавка на униформи за наставничките и нивно обезбедување преку МОН од причина што средствата се потребни за обезбедување на прочистувачи за воздух за сите училници во 10 – те основни училишта во општина Карпош, што има приоритет во однос на здравјето на учениците.

-Стипендии за талентирани ученици од основните училишта

Прва категорија 9.000.000денари и

Втора категорија 7.000.000 денари

Согласност од септември за 1000 ден да се зголеми сумата.

-Предлог да се продолжи со работа канцеларија за родителство и да се прошири во сите основни училишта.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска со предлог за програмата:

-Изготвување на анализа колку би чинело 24 ч обезбедување на учениците и објектите, имотоот во основните училишта со лиценцирана агенција за обезбедување. Анализата да ја изготви општинската администрација. (прифатено)

-Поддршка за Креативниот центар Карпош за да може да ги спроведе активностите во сите училишта на општината, кои се важна едукативна алка на учениците.

-Обезбедување средства за обуки и набавка на специјални помошни уреди за децата со попреченост, аутистичен спектар, дислексија, АДХД, оштетен вид, слух, моторички тешкотии. Овие деца имаат право на образование каде ќе бидат вистински вклучени, на начин кој ќе им овозможи да партиципираат и да ги постигнат своите потенцијали (се повлекува овој амандман)

Збор зема членот на Советот Ивана Петковска со предлог за субвенционирање на ужинки кој сега изнесува 50 % да бидат ослободени со 100 % од плаќање доколку може да се предвиди во нареден период.

Збор зема членот на Советот Горан Михајлов создавање на креативен центар не доби промоција како што заслужи акцентот да го дадеме на суштинските работи и повеќе можности во креирање како и во образованието.

Збор зема членот на Соевтот Славко Митевски со забелешка зошто е укината активноста за посетата на првачиња на 1 септември со финансиски средства од 220.000 денари.

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска со предлог за програмата кога ќе има измени има категорија за талентирани ученици кои што учествуваат на меѓународни и светски натпревари кои добиваат златни медали итн, побара да има ставка за еднократна помош за натпревари до 30.000 денари.

Збор зема Градоначалникот во врска со активноста за 1 септември таа се продолжува и дополнително од наредна година ранчиња и школкски прибор за секое прваче.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 27 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година;**

**ТОЧКА 14. Предлог-Програма за активностите во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2026 година;**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот Добрила Андоновска со предлог за програмата:

-Кога ќе се формира локалниот совет за превенција треба да учествуваат и пратениците

-Испитување и анализа на комплетна громобранска инсталација на објектите на сите основни училишта и градинките чиј основач е Општина Карпош.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Програмата за активностите во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2026 година;**

**ТОЧКА 15. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2026 година;**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Добрила Андоновска со предлог за програмата:

-Слободна интернет мрежа на јавните простори на територија на Општина Карпош – паркови и плоштади.

Од службите одговорија дека на плоштадот Делфина веќе се предвидува слободна интернет мрежа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 24 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена** Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2026 година;

**ТОЧКА 16. Предлог – Програма за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2026 година**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2026 година**

**ТОЧКА 17. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година;**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Благица Цветановска во својство на претседател на Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за да го извести Советот за ставот на комисијата по точката која се разгледувала.

Зема збор членот на Советот  Благица Цветановска во својство на претседател на Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош на Советот на Општина Карпош која посочи дека била одржана на 24.12.2025 година, извести за точката која се разгледувала и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

Претседаелот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Добрила Андоновска со предлози за програмата:

-Реализација на проекти за бесплатни совети, прегледи, превенција од специфични женски и машки болести, со посебен акцент на бесплатни превентивни ехотомографски прегледи на дојки на девојки и жени до 40 годишна возраст и бесплатни превентивни ехотомографски прегледи на тестиси кај мажи до 40 годишна возраст.

-Вработување на млади лица со попречености во повеќе сектори во Општина Карпош. (во координација со министерството за социјална политика, демографија и млади и АВРМ)

-Збор зема членот на советот Александар Петровски со предлог да се започне со формирање на ресурсен центар.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена** Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година;

**ТОЧКА 18. Предлог-Програма за одбележување на 50-годишнината од формирањето на Општина Карпош;**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Славко Митевски во делот на програмата за социјала и во програмата за поддршка на градоначалник има ставка хуманитарна акција каде што има вклопување на програмите.

Збор зема Александар Симоновски од секторот за поддршка на градоначалник тие средства се даваат кога е денот на општината се прави хуманитрана акција и тие учествуваат со одредена сума за тие пакети ако нешто недостасува се надополнуваат.

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска со предлог да се продолжи со со соработка со збратимените општини.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоена** Програмата за одбележување на 50-годишнината од формирањето на Општина Карпош;

**ТОЧКА 19. Предлог – Програма за активностите на Општина Карпош во областа на односите со јавноста и информации на граѓаните за 2026 година**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска со предлог за програмата:

-Карпош Урбан да биде во електронска верзија, двомесечен, поточно да излегува два пати месечно на 15 дена, што значи 24 броја во тек на една календарска година. Како и во печатена форма каде што ќе се промовира цела Општина.

Од службите одговорија дека недостасува графички дизајнер.

Збор зема членот на советот Славко Митевски со забелешка во програмата каде што се поклопуваат до друга програма предвидени средства за дневни списанија се поклопува со програмата за прес- клипинг. Барање формулацијата да се промени

Од службите одговорија дека по закон мораат да бидат дневните весници за огласи итн..

Забелешка во програмата обука на персоналот за јавно говорење со 200.000 денари. Како со тоа се придонесува за транспарентност на Општината?

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 20 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоена** Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односите со јавноста и информации на граѓаните за 2026 година

**ТОЧКА 20. Предлог-Програма за уривање на објекти кои се бесправно изградени на територија на Општина Карпош и асистенција за 2026 година**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска иницијатива односно барање на ангажирање на надворешно правно лице за вршење на ревизија на работата на сектор урбанизам издавање на дозволи за градба, изработка на дупови по суспензија и сл. Во програмата за сектор инспекторат ваква иницијатива да се вметне во програмата.

-Предвидени средства во оваа програма 3.700.000 денари за уривање на објекти постојат три објекти со решение за рушење од декември 2024 год. (кај базенот Борис Трајковски, Центар за странски јазици, на улица "Варшавска" поставена рампа бесправна иако има решение за отстранување).

-Барање за стопирање на веќе поставените рампи и забрана да се постават нови додека не се направи анализа како би се решил интегрално проблемот.

Збор зема Градоначалникот посочи дека поднеле барање за соработка со Град Скопје. На седница на Град Скопје помината одлука за меѓуопштинска соработка градот да ги превземе трошоците за уривање на бесправно изградени објекти. Во однос на рампите сите согласности издадени кои не се правно издржани граѓаните ќе добијат известување во рок од 8 дена да ги отстранат.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Програмата за уривање на објекти кои се бесправно изградени на територија на Општина Карпош и асистенција за 2026 година**

**ТОЧКА 21. Предлог-Буџет на Општина Карпош за 2026 година;**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Членовите на Советот побараа образложение за Буџетот на Општина Карпош за 2026 година;

Збор зема Мирјана Ѓеорѓиевска од секторот за финансиски прашања со цел да го образложи Буџетот кој што им е испратен во материјалите за седница.

Збор зема членот на Советот Дарко Ристовски тие како советничка партија да го истакнат нивниот став свесни се дека на времено носење на буџет со цел да да фукционира Општината. Потребно е иднините буџетски постапки да бидат потворени и поинклузивни за граѓаните и советниците овој период е краток поради изборите. Ги разгледале предложените програми сметаат дека содржат позитивни елементи дел од нив неделумно обработени потребно е поголем фокус на капитални проекти и дефинирани приоритети кои што ќе имаат трајни придобивки. Потребно е унапредување на суштината и процесот за следниот буџет да биде подобар и да ги исполни интересите на граѓаните. Нивната советничка група ќе гласа воздржано. Сметаат дека постои простор за посуштински развојни решенија.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 7 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоен Буџетот на Општина Карпош за 2026 година;**

**ТОЧКА 22. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година;**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 24 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоена** Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година;

**ТОЧКА 23. Предлог-Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2026 година**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена** Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2026 година

**ТОЧКА 24. Предлог-Одлука за вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2026 година;**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена** Одлуката за вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2026 година;

**ТОЧКА 25. Предлог-Буџетски календар за 2026 година,**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Татјана Чакулев законот за буџети е донесен во септември во 2022 година, а ќе се применува од 1 јануари 2026 год. Оваа измена ќе мора да се направи.

-Предлог Буџетот да се достави до 15 ноември

- Советот го носи Буџетот најдоцна до 25 декември.

Збор зема Мирјана Ѓорѓиевска со образложение кога го изготвувале Буџетот мин. за финансии ги известува за роковите, а наредната година ако има измени министерството за финансии ќе им даде насоки.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен** Буџетскиот календар за 2026 година,

**ТОЧКА 26. Предлог – Одлука за давање согласност за закуп на магацински простор во сопственост на ДПТУ „Лапласт-М“ ДООЕЛ, за 2026 година ?**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлука за давање согласност за закуп на магацински простор во сопственост на ДПТУ „Лапласт-М“ ДООЕЛ, за 2026 година**

**ТОЧКА 27. Предлог-Одлука за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „Букурешка“ бр. 2, локал 2, Општина Карпош-Скопје, за 2026 година**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлука за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „Букурешка“ бр. 2, локал 2, Општина Карпош-Скопје, за 2026 година?**

**ТОЧКА 28. Предлог-Одлука за организирање на продолжен престој во IV (четврто) одделение во општинските основни училишта во Општина Карпош за 2026 година**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за организирање на продолжен престој во IV (четврто) одделение во општинските основни училишта во Општина Карпош за 2026 година**

**ТОЧКА 29. Предлог-Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Правилникот за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година**

**ТОЧКА 30. Предлог – Одлука за прифаќање на донација од КАМ ДОО**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Славко Митевски се доелуваат 300 пакетчиња минатиот мандат се направила редонација тие ги давале на друг да ги донира да се внимава да не се направи грешка.

Од службите одговорија дека пакетчињата ќе се распределат на социјално загрозени деца.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за прифаќање на донација од КАМ ДОО**

По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 6. седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 14:40 часот.

Изработил:Виолета Андреевска

**Број: 09-763/5**
**Датум: 06.02.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Христо Саракинов**